РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2578/2

02-02-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 60-та седница одржана на ден 28.01.2022 година ја донесе следната

## Одлука

Пријавата со број 12 - 2578/1 од 27.07.2021 година, поднесена од познат подносител, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврси дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во случајот, од причина што пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни органи кои постапиле во рамките на своите надлежности, а подносителот ги исокристил понудените правни лекови во постапката и можел да поведе и управен спор пред надлежен суд.

Предметот со број 12 - 2578/1 од 27.07.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, ----- ----------- од --------, на ден 27.07.2021 година, поднесена е пријава заведена под број 12 - 2578/1 од 27.07.2021 година, по која е оформен предмет со наводи за неправилности во постапка за спроведување на приемен испит за почетна обука во Академијата за судии и јавни обвинители за VIII-ма генерација, спроведена по јавен оглас објавен во октомври 2020 година. Подносителот се сомнева дека во предметната постапка нема да биде извршен правилен изборна лица кои ќе бидат дел од Академијата за судии и јавни обвинители, како и изборот на судии од страна на Судскиот совет, а со поднесената пријава до ДКСК, бара да се иницира постапка за ревизија на процесот на полагање и доколку се утврдат неправалности приемниот испит да се поништи.

При разгледувањето на доставената пријава, ДКСК констатира дека по однос на предметната постапка, од страна на подносителот на пријавата во својство на кандидат за обуката, бил поднесен приговор до Академијата за судии и јавни обвинители, кој бил разгледан од Академијата и на ден 19.09.2021 година било донесено решение со кое приговорот од 15.06.2021 година се одбива како неоснован, а на кандидатот му била дадена правна поука дека има право на жалба до Управниот одбор на Академијата во рок од 8 дена од приемот на решението. Подносителот го искористил понудениот правен лек и се поднел жалба, по која постапил Управниот одбор на Академијата и на

ден 12.07.2021 година донел решение со кое жалбата се одбива како неоснована, со правна поука дека против ова решение незадоволниоткандидат може да поведе управен спор пред Управниот суд.

Од погоре констатираното, ДКСК утврди дека пријавените дејствија не се активности по кои ДКСК има надлежност за постапување, туку се активности за кои надлежност за постапување имаат други надлежни органи кои постапиле во рамки на своите надлежности, а воедно подносителот ги искристил понудените правни лекови во постапката и поднел приговор и жалба кои му биле одбиени од надлежните органи, а исто така за случајот можел да поведе и управен спор пред надлежен суд. Оттаму, ДКСК оцени дека нема надлежност за постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Доставено до:
- Подносителот

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК